# شرح ألفاظ الأذان

# Објаснување на фразите на езанот

## Објаснување на фразите на езанот

Научната комисија при Здружението за опслужување на исламската содржина на различни јазици

## Објаснување на зборовите од езанот

Научна комисија при Здружението за опслужување на исламската содржина на различни јазици

Езанот е божествен повик што муслиманот го слуша пет пати во текот на денот. Тој го потсетува на Аллаховата возвишеност и големина и го повикува кон доброто и кон спасот. Езанот е миг на поврзување меѓу човекот и неговиот Создател, кога верникот се одвојува од проблематиките на овој свет за да застане во молитвено обраќање пред својот Господар. Езанот не е само известување за настапувањето на времето за намазот, туку е повик кон спокојството и иманот, и кон обновување на врската со Возвишениот Аллах. Езанот содржи возвишени значења што започнуваат со величење на Возвишениот Аллах и завршуваат со повик кон намазот, при што муслиманот ја наоѓа својата смиреност. Секојпат кога се огласува езанот, во срцето се слуша шепот дека вистинскиот живот започнува со приближувањето кон Аллах.

## Зборовите на езанот се:

**Аллаху екбер, Аллаху екбер, Аллаху екбер, Аллаху екбер.**

Аллаху екбер - Аллах е Најголем

Божјото име „Аллах“ значи: Единствениот Бог достоен за обожување. Тоа е името на Господарот, Создателот ﷻ, а сите други божествени имиња го следат и се опис за Него. Аллах е Единиот и Единствениот, Кој не родил и не е роден, и Тој е Создателот на небесата и на Земјата.

Фразата „Аллаху екбер“ значи дека Аллах е Најголем од сѐ, и превозвишен за да Му се припише било што што не доликува на Неговата Величественост и Совршенство.

„Аллаху екбер“... овој израз го потсетува муслиманот дека ништо во овој живот не смее да го одврати од неговиот Создател, и дека човекот треба да го минува својот живот согласно со Аллаховата волја и Неговиот верозакон, а не според своите желби и страсти; затоа што Аллах е Најголем и Највозвишен од сѐ што постои во овој свет.

На извикот „Аллаху екбер“ занаетчијата ја прекинува својата работа, земјоделецот го запира орањето, трговецот ја затвора продавницата, а учителот го прекинува часот; затоа што Аллах е Поголем од секоја

преокупација и работа. Ова запирање и насочување кон ибадет е доказ дека во срцето на верникот Аллах е поголем од сите овоземни блага. Аллах е Најголем од секое искушение и несреќа, и од секоја животна околност; а оној што верува во тоа, ги смета кризите за неважни, и срцето му останува смирено бидејќи е со Аллах, задоволен со Неговата одредба и има доверба во Неговата мудрост и управување.

**Ешхеду ен ла илахе иллаллах, ешхеду ен ла илахе иллаллах.**

Ешхеду ен ла илахе иллаллах - Сведочам дека нема друг вистински бог освен Аллах

Ова е првото сведоштво, а неговото значење е признавање дека Аллах е Создател на сѐ, негов Господар, Сопственик и Управител; дека обожувањето треба да Му биде посветено само на Аллах и на никој друг; дека нема друго божество кое заслужува со право да биде обожувано освен Аллах; и дека Тој е Еден, без содружник, нема син и нема ништо слично на Него. Затоа обожувањето не треба да се упатува кон никој друг освен Аллах, ниту пак треба да му се упатува дова на некој друг покрај Аллах.

И ова сведоштво е најголемото сведоштво во постоењето, и претставува темел на верата во сите божествени објави. Сите Божји веровесници, алејхим селам, како Нух, Ибрахим,

Муса и Иса, сè до Мухамед, ги повикуваа своите народи на признавање, прифаќање и верување дека нема божество достојно за обожување освен Аллах. Тоа е зборот заради кој Аллах ги создаде созданијата, ги испрати пратениците за ова сведоштво да го утврдат и ги објави книгите за да го појаснат. Џенетот го определи како награда за оној што искрено ќе го изговори од своето срце, а Огнот го забрани за оној што ќе почине убеден во него.

Тоа е клучот на иманот, вратата на спасението, основата на верата и темелот на тевхидот (едноштвото).

Заради овој збор луѓето ќе бидат оживеани од своите гробови, и ќе полагаат сметка на Судниот ден. Оној кој живеел според него и со него го завршил својот живот - навистина го постигнал најголемиот успех. А оној кој го одбил и не го изговорил - го чека вечност во Џехенем.

**Ешхеду енне Мухаммеден ресулуллах, ешхеду енне Мухаммеден ресулуллах.**

Ешхеду енне Мухаммеден ресулуллах - Сведочам дека Мухамед е Аллахов пратеник

Значењето на ова сведоштво е муслиманот да посведочи дека Аллах го испратил Мухамед како последниот Аллахов пратеник до човештвото, како оној што им ја пренел на

луѓето пораката на нивниот Господар; муслиманот цврсто да верува дека нема друг пат за обожување на Аллах и за здобивање со Неговото задоволство освен преку сведоштвото дека Мухамед е Аллахов пратеник — Аллаховиот мир и спас нека се над него —, преку негово следење и земање пример од него, преку обожување на Аллах согласно со верозаконот што го пренесе Пратеникот Мухамед — Аллаховиот мир и спас нека се над него. Исто така, секој вид обожување со кој човек настојува да Му се приближи на Аллах, а не го пренел Пратеникот, е неважечки и нема да му користи ниту на овој ниту на идниот свет; напротив за истиот ќе биде повикан на одговорност и казнет, бидејќи го обожувал Аллах со нешто што не го пренел Неговиот пратеник — Аллаховиот мир и спас нека се над него.

Сведоштвото го опфаќа и тоа дека Пратеникот, Аллаховиот мир и спас нека се над него, е Аллахов роб и Пратеник на Господарот на световите; исто така опфаќа дека Пратеникот, Аллаховиот мир и спас нека се над него, е последниот од пратениците, мир над нив, и дека по него нема веровесник; како и верување во сите знаменија со кои беше пратен, а највозвишено меѓу нив е Благородниот Куран, кој е последната божествена порака, што сè

уште постои на јазикот на кој беше објавен, зачуван од додавање, одземање и измени. Овој Благороден Куран е ненадминлив по своето красноречие, праведните прописи и упатството. Возвишениот Аллах го предизвика човештвото да состави барем една слична сура, но тие низ вековите не успеаја да го сторат тоа; и до денешен ден човештвото останува немоќно пред овој предизвик.

Сведоштвото исто така подразбира дека Пратеникот дојде за да ги врати луѓето кон тевхидот (еднобожието), како што пред него го направија Ибрахим, Муса и Иса, Аллаховиот мир и спас нека е над нив. Тој е Пратеник на Господарот на световите, кој тргна по истиот пат по кој тргнале сите Божји пратеници во пренесувањето на пораките на својот Господар, а по него нема друг веровесник.

**Хајје ‘алес-салах, хајје ‘алес-салах.**

Хајје ‘алес-салах - Дојдете на намаз

Значењето на ова реченица е: О верници, дојдете на обожување на вашиот Господар, затоа што Тој, навистина, многу простува и е Милостив, Тој го прифаќа покајанието и ги простува лошите дела.

Колку голема чест е тоа што Аллах му наредил на човекот, на секое место каде што има група муслимани, да го огласува езанот и да

ги повикува секој ден пет пати, велејќи им: Дојдете и пристапете кон ибадетот на вашиот Господар.

Ова е повик и потсетување до верниците дека настапило времето за нивниот ибадет кон Господарот; дека треба да остават сѐ што им го одвлекува вниманието со овоземските работи и да се посветат на ибадетот; да го остават она што го имаат во своите раце од трговија или земјоделие и да се свртат кон Аллах. Тоа е доказ за искреното верување и потврда дека тоа има предност над сите овосветски задоволства.

Тоа е повик кој ги повикува луѓето на намаз – непосредната врска помеѓу робот и неговиот Господар. Намазот е ибадет што ги руши класните поделби и ги прави сите луѓе еднакви пред нивниот Господар.

**Хајје ‘алел-фелах, хајје ‘алел-фелах.**

Хајје ‘алел-фелах - дојдете на спас

Спасот значи задоволството на Аллах, успехот, сигурноста и спасот на овој и на идниот свет, вечната среќа и упатството кон исправниот пат.

Меѓу значењата на спасот е и постигнувањето на Аллаховото задоволство, добивањето наградата - Џенетот и спас од Џехенемот. Затоа што оној што верува и го извршува намазот – навистина успева, а кој

успее – се спасува и се здобива со вечниот престој во Џенетот.

Муезинот при секој намаз ги потсетува верниците да се насочат кон мирот и сигурноста, смиреноста на срцето, чистотата на душата и среќата на овој и идниот свет.

**Аллаху екбер, Аллаху екбер, ла илахе иллаллах.**

Се завршува со текбирот и тевхидот.

Езанот завршува со повторување на реченицата „Аллаху екбер“ и со потврдување на „Ла илахе иллеллах“. Овие две реченици ја потврдуваат целата претходна содржина, и врз нив се темели човечкото постоење. Оваа вистина е највистинитата космичка егзистенцијална реалност — без разлика дали човекот ја разбира или не, дали знае за неа или не знае; затоа што големите вистини не ги нарушува незнаењето на некои луѓе за нив. Оваа вистина не се менува ниту се изменува, без разлика колку и да минуваат вековите и какви и да се редат настаните. А таа вистина е дека Аллах е најголем од сѐ, дека Тој е единствениот вистински Бог, дека само Тој е достоен за обожување, а обожувањето на било што друго освен Него е лажно.

Тоа е повик кон возвеличување на она што Возвишениот Аллах го возвеличил, и

сведоштво за Аллах за она за кое Тој Сам посведочил за Себеси, за кое Му посведочија пратениците, мир врз нив, и за кое сведоци и верниците.

На крајот: Езанот не е само повик кон намазот, туку е повик кон спасот и успехот; тој е порака што одекнува во џамиите пет пати секој ден, за да ги разбуди срцата и да нѐ потсети дека Возвишениот Аллах е блиску, дека спокојството е достижно и дека патот кон успехот започнува со намазот и со врската меѓу робот и неговиот Создател.

Тогаш повтори заедно со муезинот: „Аллаху екбер, Аллаху екбер, Ла илахе иллеллах“; повтори го сведоштвото на монотеизмот и посведочи го она што Аллах го посведочи за Себе и за вистината со која дојдоа Неговите пратеници, па ќе бидеш од спасените и од муслиманите монотеисти.

Отвори го срцето за верата и кажи: „Сведочам дека нема друг вистински бог освен Аллах, и сведочам дека Мухамед е Аллахов пратеник.“ Ќе влезеш во Аллаховата милост, ќе ја постигнеш среќата на овој свет и спасот на идниот свет, а на Судниот ден ќе бидеш оживеан во редовите на верниците.

# Содржина

Објаснување на фразите на езанот ..... 2
Објаснување на зборовите од езанот..... 2
Зборовите на езанот се: ..... 3
Аллаху екбер, Аллаху екбер, Аллаху екбер, Аллаху екбер. ..... 3
Ешхеду ен ла илахе иллаллах, ешхеду ен ла илахе иллаллах. ..... 4
Ешхеду енне Мухаммеден ресулуллах, ешхеду енне Мухаммеден ресулуллах..... 5
Хајје ‘алес-салах, хајје ‘алес-салах. ..... 7
Хајје ‘алел-фелах, хајје ‘алел-фелах. ..... 8
Аллаху екбер, Аллаху екбер, ла илахе иллаллах..... 9

mk466v1.1 - 06/09/2026